Инспектор од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 235 од Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014,116/2014,180/2014 , 33/2015, 72/2015, 104/2015 ,150/2015 и 173/2015), донесе

**З А К Л У Ч О К**

Постапката поведена со писмо број 16-9591/1 од 16.10.2015 година за вршење на контролен инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија на ден 20.10.2015 година, се запира.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инспектор од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика изврши контролен инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија на ден 20.10.2015 година.

Инспекцискиот надзор е извршен над применувањето и спроведувањето на Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на Република Македонија,, број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013,187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015 , 72/2015, 104/2015, 150/2015 и 173/2015), и подзаконските, општите, поединечните и другите акти донесени врз негова основа, во предмет на корисник на право на социјална парична помош.

При инспекцискиот надзор е констатирано дека определената мерка од решението број 16-6333/3 од 10.07.2015 година е во целост спроведена за што е составен записник број 16-9591/2 од 20.10.2015 година.

Со оглед на горе наведеното, согласно член член 241-а став 7 од Законот се донесе заклучок како во диспозитивот

Жалбата не го задржува извршувањето на заклучокот согласно член 244 став 2 од Законот за социјалната заштита.

Заклучокот е донесен во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 20.10.2015 година под број 16-9591/3

.

**Упатство за правно средство**: против овој заклучок може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 8 дена од денот на приемот на решението преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектор за социјална заштита**
**Блага Челева**